Врз основа на член 383 став 3, член 395 став 4 и член 407 од Законот за трговските друштва, член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, одредбите од Статутот Бр.0201-4027/8-1 од 28.04.2017 година на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), а во врска со точка 3 и точка 4 од процедуралниот дел на Јавниот Повик за свикување на Годишно собрание за деловната 2017 година бр.02-2535/3-1 од 22.03.2018 година, **Годишното собрание на Друштвото за деловната 2017 година** на својата седница одржана на **27.04.2018 година,** ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за избор на Претседавач, определување на начин на броење на гласови и определување на записничар за работата на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2015 година**

1. За Претседавач на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2017 година, кое се одржува на ден 27.04.2018 година, се именува ______________**.**
2. Претседавачот на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2017 година ги има правата и обврските согласно Законот за трговските друштва и другите позитивни прописи, како и Статутот на Друштвото, Мандатот на Претседавачот трае до изборот на претседавач на наредното собрание кое треба да биде одржано.
3. Броењето на гласови по точките од дневниот ред утврден со Јавниот повик за свикување на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2015 година ќе се остварува преку посебен инфотматички систем од страна на Секторот за информатичка технологија на Друштвото.
4. Записникот за работа на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2017 година ќе го води **Нотар** ____________
5. Записникот за работата на Собранието, во текст и содржина предвидени во Законот за трговските друштва, треба да се изготви во рок од 3 (три) дена од денот на од денот на неговото одржување.
6. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.
7. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.
8. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Предлог одлука

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

____________________

ул. 11 Октомври бр. 25, П. фах: 27, 1000 Скопје
Република Македонија
Телефон: +389 (0)2 3115 188
Факс: +389 (0)2 3137 154
e-mail: info@insumak.mk